# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 12 август 1963
Скопје
Број 28 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**186.**

На основа член 13 став 1 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА ИСХРАНАТА И ДАВАЊЕ ПОМОШ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ФАМИЛИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

За да се обезбеди исхраната на службениците и работниците и нивните фамилии од град Скопје во условите на отежнато и привремено сместување општествено-политичките организации, работните и другите организации, организираат општествена исхрана и се грижат за нејзиното функционирање.

Член 2

Општествената исхрана се организира во работните организации, привремените населби и други погодни места.

Член 3

Трошоците за исхраната на работниците, службениците и нивните фамилии одредени според член 1 и 2 од оваа одлука ги сносат самите корисници.

Цената на исхраната се определува според стварните трошоци намалени за вредноста на продуктите добиени од бесплатна помош се до нејзиното исцрпување.

Член 4

Работните организации во областа на стопанството кои имаат организирано или ќе организираат општествена исхрана за своите работници и службеници и за нивните фамилии можат да одлучат дел од трошоците за исхраната да ги покријат од средствата што за таа цел според позитивните прописи можат да се користат.

Член 5

На лицата што се особено загрозени органите на управувањето на работната организација во согласност со синдикалната организација можат да им дадат посебна помош.

Помошта од претходниот став може да се ползува само за регресирање на исхраната.

Член 6

Работните организации можат да одлучат да даваат месечна помош на оние работници и службеници што се неопходно потребни за работа во стопанската организација и чии фамилии се евакуирани вон Скопје, а стопанската организација или општествено-политичката заедница не е во состојба да ги прифатат во своите населби во Скопје.

Член 7

Работната организација во областа на стопанството која не располага со средства што можат да се користат за намените од претходните членови, може да побара од општината на чие подрачје се наоѓа нејзиното седиште да ги покрие овие трошоци.

Општинското собрание ќе ја утврди оправданоста на барањето на работната организација и ќе донесе решение за тоа.

Против решението на општинското собрание е допуштена жалба до Градското собрание на град Скопје.

Член 8

Одредбите од претходните членови ќе се применуваат и на работните организации во областа на јавните служби што работат по принцип на распределба на доход.

Член 9

Државните органи и општествено-политичките организации под условите од член 6 од оваа одлука можат да даваат месечна парична помош на своите работници и службеници.

Решението за доделување на помош се донесува во согласност со надлежниот орган за буџет на општествено-политичката заедница.

Член 10

Пензионерите, инвалидите и лицата вон работен однос што примаат материјално обезбедување, можат да добијат парична помош од надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

Условите и висината на помошта ги одредува Собранието на комуналниот завод со посебна одлука.

Член 11

Лицата што примале социјални помошти а се одделени од своите фамилии и за тоа постои посебна потреба, со решение на надлежниот орган на управата на општинското собрание можат да добијат помош.

Член 12

Лицата што се занимаваат со приватна дејност, како и оние што вршат сомостојни занимања (слободни професии) во случај на трајна загрозеност, со решение на надлежниот орган на управата на општинското собрание можат да добијат помош.

Член 13

Екипите за спасување и помош на пострадаsucceeding ното стопанство, установи и население во поглед на исхрана имаат посебен режим што ќе го утврди со посебна одлука Градското собрание на град Скопје.

Член 14

Работните и други организации кои вршат подготвување на исхрана ќе продолжат со делењето на храна и ќе го уредат наплатувањето на истата на соодветен начин.

Член 15

Органот на управата надлежен за работите на социјална политика на општинското собрание, во рамките на добиената помош во натура од Социјалистичка Република Македонија може да им дава помош во предмети за исхрана на оние семејства од Скопје кои се сместени вон од населбите во кои е организирана општествена исхрана, а се особено загрозени и по друг основ не добиваат помош.

Член 16

Поблиски прописи за извршувањето на оваа одлука ќе донесе Републичкиот секретаријат за трговија и туризам во согласност со Републичкиот секретаријат за финансии.

Член 17

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 7 август 1963 година.

Бр. 09-2085/1
6 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**187.**

На основа член 149 став 1 и 2 од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 22/62), Извршниот совет донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ СПОРЕД ПРОПИСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I. Во точка I од Одлуката за плаќање на придонесите за лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување („Службен весник на НРМ“ број 3/63) на крајот наместо точка се става точка и запирка и се додава нова подточка 23 која гласи:

„За брачниот другар и децата што по смртта на занаетчијата ќе го продолжат водењето на занаетчискиот дуќан преку стручен работоводител, ако не се здобиле со правото на фамилијарна пензија (член 94 став 2 од ЗЗО) — брачниот другар односно децата што го продолжуваат водењето на занаетчискиот дуќан“.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

Бр. 09-1841/1
11 јули 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**188.**

На основа член 19 ст. 2 и член 21 ст. 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## О Д Л У К А

### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ, ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ

I. Се образува Комисија за сместување на републичките органи, општествено-политичките организации и установи со задача да ги испита можностите и поднесе предлози за сместување на републичките органи, општествено-политичките организации и установи со оглед состојбата на работните простории во Скопје по земјотресот.

Комисијата е должна да изврши увид во состојбата на зградите во Скопје и условите за сместување во внатрешноста на Републиката.

II. Комисијата ќе поднесе предлог за привремено и подолготрајно сместување на органите, организациите и установите од точ. I на оваа одлука.

III. Во Комисијата се именуваат:

а) за претседател Александар Крстевски, републички секретар за буџет и организација на управата;

б) за членови:

1. Велимир Гиновски, републички секретар за општи стопански работи;

2. Панче Шурков, помошник на републичкиот секретар за законодавство и организација;

3. Дане Цеков, секретар на Републичкиот фонд за научна работа;

4. Блажо Камчевски, член на Секретаријатот на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

5. Зоге Грујевски, член на Главниот одбор на ССРНМ; и

6. Милан Јоновски, секретар на Кадровската комисија на ЦК на СКМ.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2072/1
2 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**189.**

На основа член 16 став 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОСНОВАЊЕТО НА РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР ЗА ПОМОШ НА СКОПЈЕ

I

Се основа Републички одбор за помош на Скопје со задача: да го организира собирањето на помошта од земјата и странство; да ја прибира помошта во пари; да го обезбеди собирањето и складирањето на помошта во стоки и да се грижи за нејзиното распределување; да поднесува предлози за расподелба и користење на паричните помошти; да издава налози за исплата од собраните парични средства, како и да врши други работи во врска со собирањето и користењето на помошта.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2026/1
30 јули 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кемал Сејфула,** с. р.

---

**190.**

На основа член 27 од Законот за високото школство („Службен весник на НРМ" бр. 20/61), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СОВЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешува членот на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје ГОГА НИКОЛОВСКИ, член на Извршниот совет на СР Македонија.

2. За член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје се именува ВАСИЛ ГРИВЧЕВ, член на Извршниот совет на СР Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-2101/1
2 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**191.**

На основа член 17 од Законот за организацијата и работењето во Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОДБОР ЗА ПОМОШ НА СКОПЈЕ

I. Републичкиот одбор за помош на Скопје го сочинуваат претседателот и 16 членови.

II. Во Одборот се именуваат:

а) за претседател Васил Ѓоргов, претседател на Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ;

б) за потпретседател Ристо Дуковски, претседател на Регионалната стопанска комора на Скопје;

в) за членови:

1. Коце Белчев, секретар на советот во Стопанската комора на СРМ;
2. Диме Бојановски, републички пратеник;
3. Ацо Ицев, претседател на Стопанскиот собор на Собранието на СРМ;
4. Аспарух Каневче, републички пратеник;
5. Перо Кецкаровски, советник во Републичкиот секретаријат за култура;
6. Боге Кузмановски, потпретседател на Главниот одбор на ССРНМ;
7. Благој Левков, републички пратеник;
8. Мара Миланова, секретар на Главниот одбор на Црвениот крст;
9. Осман Мифтари, член на Извршниот совет;
10. Ванчо Николов, потпретседател на Републичниот совет на ССЈ за Македонија;
11. Драган Спировски, републички секретар за трговија и туризам;
12. Илија Спировски, републички секретар за финансии;
13. Крсте Чаловски, секретар на Сојузот на младината на Македонија;
14. Ванчо Димитров;

г) за секретар Митко Бојков, потпретседател на Стопанската комора на СРМ.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2059/1
2 август 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кемал Сејфула,** с. р.

**192.**

На основа член 4 од Уредбата за основање на Републичка комисија за признавање право на пензија според член 73 став 2 од Законот за пензиското осигурување („Службен весник на НРМ“ бр. 34/59), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА ПЕНЗИЈА СПОРЕД ЧЛЕН 73 СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Се разрешуваат досегашниот претседател и членови на Републичката комисија за признавање право на пензија според член 73 став 2 од Законот за пензиското осигурување и за претседател и членови се именуваат:

а) за претседател:

ГАЛИП ДЕМА, републички секретар за правосудство

б) за членови:

1. БОРИС АЛЕКСОВСКИ, секретар на Главниот одбор на Сојузот на боречките организации;
2. ВУКАШИН ГЕОРГИЕВСКИ, началник на одделение во Извршниот совет;
3. БОЧЕ ЛАМБЕВСКИ, началник на одделение во Извршниот совет;

в) за секретар се именува:

КИРО АНДРЕЕВСКИ, началник на Одделението за инвалидски и боречки прашања во Републичкиот секретаријат за социјална политика и комунални работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 09-1830/1
5 јули 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**193.**

На основа член 172 став 3 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51/57), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ПО ЧЛЕН 29, 31 СТАВ 1 ТОЧКА 3, 38 СТАВ 4, 75 И 215 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Се разрешуваат досегашниот претседател и членови на посебната Комисија за давање мислење по член 29, 31, став 1 точка 3, 38 став 4, 75 и 215 од Законот за пензиското осигурување и за претседател и членови се именуваат:

а) за претседател:

АЛЕКСАНДАР КРСТЕВСКИ, републички секретар за буџет и организација на управата;

б) за членови:

1. ДАНА АНДРЕЕВА, помошник на републичкиот секретар за социјална политика и комунални работи;
2. ЛЕНЧЕ АРСОВА, директор на Заводот за социјални прашања на СРМ; и
3. БЛАГОЈ НИКОЛОВСКИ, потпретседател на Регионалната стопанска комора — Скопје;

в) за секретар се именува:

КРСТЕ КРСТЕВСКИ, помошник директор на Републичкиот завод за социјално осигурување.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1831/1
5 јули 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**194.**

На основа член 100 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 53/57), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ЧЛЕН НА ВИШИОТ ДИСЦИПЛИНСКИ СУД ПРИ ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува досегашниот заменик член на Вишиот дисциплински суд при Извршниот совет Георги Георгиевски, претседател на Општинското собрание „Саат Кула“ — Скопје.

2. За заменик член на Вишиот дисциплински суд при Извршниот совет се именува Тодор Деспотов, судија на Врховниот суд на Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1832/1
5 јули 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет
**Александар Грличков,** с. р.

**195.**

На основа на член 35 став 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. За помошник на секретарот на Извршниот совет се именува ЧЕДЕ БЛАЖЕВСКИ, досегашен директор на Заводот за унапредување на општествениот стандард на Градското собрание — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1914/1
5 јули 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

**196.**

На основа член 39 став 3 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/56), член 4 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ“ бр. 14/56 — пречистен текст 32/62), во врска со член 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

1. За помошник на републичкиот секретар за општи стопански работи се назначува КИРО МИНАНОВ, досегашен шеф на Одделението за организација и продуктивност во Претпријатието рудници и железарницата „Скопје“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1917/1
11 јули 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Ќемал Сејфула,** с. р.

**197.**

На основа член 39 став 3 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/56), член 4 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија, („Службен весник на НРМ“ бр. 14/56 — пречистен текст 32/62), во врска со член 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. За помошник на републичкиот секретар за сообраќај и врски се назначува инж. БОРЧЕ ЛАЗАРОВСКИ, досегашен началник на Одделението за сообраќај во истиот Секретаријат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1916/1
11 јули 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Ќемал Сејфула,** с. р.

**198.**

На основа член 88 од Уредбата за оснивање на претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51/53), во врска со член 28 од Законот за организација на југословенските железници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЖЕЛЕЗНИЧКО - ТРАНСПОРТНО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ

1. За директор на Железничко - транспортно претпријатие Скопје до неговото конституирање се назначува ВАНЧО УНКОВСКИ, од Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1557/2
11 јули 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Ќемал Сејфула,** с. р.

**199.**

На онсова член 47 став 2 од Законот за претпријатијата за патишта („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/61), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР И НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА ПАТИШТА - СКОПЈЕ

1. ТОМЕ МАЛЕВСКИ, в.д. директор на Заедницата на претпријатијата за патишта — Скопје се разрешува од должност.

2. За директор на Заедницата на претпријатијата за патишта — Скопје се назначува РИСТО БУНТЕВ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1915/1
11 јули 1963 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Ќемал Сејфула**, с. р.

---

**200.**

На основа на член 7 ст. 1 од Законот за задолжително учество на граѓаните во остранување на општа опасност во врска со чл. 1 ст. 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, ја донесувам следната

## НАРЕДБА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ГРАД СКОПЈЕ И ОКОЛИНАТА

Со цел да се отстранат последиците од земјотресот што го зафати градот Скопје и околината, а особено да се обезбеди спасување на затрупаните граѓани, да се расчистат урнатините како и да се отстранат опасностите од епидемии и други појави, се наредуваат следните мерки:

I

Се задолжуваат сите машки лица од 18—55 годишна возраст на подрачјето на град Скопје и околиите Тетовска, Титоввелешка и Кумановска, да учествуваат во расчистувањето на урнатините и спасувањето на загрозените лица на подрачјето на град Скопје.

Лицата од претходниот став се должни да учествуваат во спроведувањето и на сите други акции сврзани со остварувањето на целите утврдени со оваа наредба.

II

Сопствениците и корисниците на сите превозни и технички средства што можат да се употребат за расчистување на урнатините и извршување на други слични работи се должни овие средства да ги стават на располагање на Градскиот штаб за отстранување на општа опасност во Скопје.

III

Штабовите на околиите од точка прва од оваа наредба да се стават во припремна состојба и да ги приготват обврзниците според оваа наредба за укажување на помош што ќе ја побара Градскиот штаб на Скопје.

Општинските штабови за отстранување на општа опасност од подрачјето на град Скопје, веднаш да преземат потребни мерки за извршување на задачите што ќе ги одреди Градскиот штаб во врска со искористувањето на помошта на претходниот став.

IV

Се забранува самоволно влегување во оштетените згради во град Скопје.

V

Физичките и правните лица што не ќе постапат спрема оваа наредба ќе одговараат според чл. 8 од Законот за задолжително учество на граѓаните во отстранувањето на општа опасност.

VI

За извршувањето на оваа наредба ќе се грижат општинските и градскиот штаб за отстранување на општа опасност и органите на Народната милиција.

VII

Оваа наредба влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 1/63
27 јули 1963 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ,
**Боро Чаушев**, с р.

---

**201.**

На основа член 90 од Законот за државната управа во врска со член 1 став 2 и член 13 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а со цел да се обезбеди непречено школување на учениците што се евакуирани од Скопје по земјотресот, Републичкиот секретаријат за просвета донесува

## НАРЕДБА

### ЗА ОПФАЌАЊЕ НА ЕВАКУИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД СКОПЈЕ ВО УЧИЛИШТАТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Сите училишта во Социјалистичка Република Македонија се должни да ги запишат учениците евакуирани од Скопје што се настанети на нивните подрачја.

II. Учениците од претходната точка ќе се запишат во истоветното училиште што го посетувале во Скопје.

Доколку во местото во кое се евакуирани не постои училиште истоветно со она што го посетувале во Скопје, учениците можат да се запишат во друго училиште од ист степен.

III. Училиштата од точка I на оваа наредба се должни да им обезбедат на запишаните евакуирани ученици школување до нивното враќање во Скопје.

IV. За извршувањето на оваа наредба ќе се грижат органите на управата надлежни за работите на просветата на собранијата на општините.

V. Оваа наредба влегува во сила од осмиот ден на нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 1
28 јули 1963 година
Скопје

Го заменува
Републичкиот секретар за просвета Републички секретар за законодавство и организација,
**Ѓорѓи Цаца,** с. р.

# КОНКУРСИ

На основа член 244 и 245 од Законот за јавните службеници, Советот за просвета на Собранието на општината Тетово во согласност со училишните одбори

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на упразнетите места во просветните установи од подрачјето на општина Тетово, за учебната 1963/64 година

## I. ГИМНАЗИЈА „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ" — ТЕТОВО

1. Помошник директор 1
2. Професор или наставник по историја 1
3. Професор или наставник по биологија 2
4. Професор по математика и нацртна геометрија 5
5. Професор по француски јазик 2
6. Професор по латински јазик 1
7. Професор по психологија со логика и педагогика 1
8. Професор или наставник по физика 2

## II. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „МАРШАЛ ТИТО" — ТЕТОВО

**Настава на македонски наставен јазик:**

9. Наставник по српско-хрватски јазик 1
10. Наставник по француски јазик 1
11. Наставник по географија 1
12. Наставник по математика 2
13. Наставник по ОТО 1

## III. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛИРИЈА" — ТЕТОВО

**Настава на македонски наставен јазик:**

14. Наставник по српско-хрватски јазик 1
15. Наставник по историја и географија 1
16. Наставник по математика 1
17. Наставник по физика и ОТО 1

**Настава на шиптарски наставен јазик:**

18. Наставник по македонски јазик 2
19. Наставник по историја 1
20. Наставник по математика 2
21. Наставник по биологија 1

## IV. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „АНДРЕА САВЕВСКИ — КИКИШ" — ТЕТОВО

**Настава на македонски наставен јазик:**

22. Помошник управител — со ПА — група македонски јазик или учител 1
23. Наставник по француски јазик 1
24. Наставник по физика и ОТО 1
25. Наставник или стручен учител по ликовно воспитување 1
26. Наставник по историја 1
27. Наставник по математика 1

## V. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО" — ТЕТОВО

**Настава на македонски наставен јазик:**

28. Помошник управител — наставник или учител 1
29. Наставник по македонски јазик 2
30. Наставник по математика 2
31. Наставник по географија 1
32. Наставник по историја 1
33. Наставник по српско-хрватски јазик 1
34. Наставник по ОТО 1

**Настава на шиптарски наставен јазик:**

35. Наставник по македонски јазик 1
36. Наставник по шиптарски јазик 2
37. Наставник по француски јазик 1
38. Наставник по историја и географија 1
39. Наставник по биологија 1
40. Наставник по математика 2

## VI. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ИСТИГБАЛ" — ТЕТОВО

**Настава на шиптарски наставен јазик:**

41. Помошник управител — наставник или учител 1
42. Наставник по македонски јазик 1
43. Наставник по математика 1
44. Наставник по историја и географија 1

**Настава на турски наставен јазик:**

45. Наставник по турски јазик 1
46. Наставник по македонски јазик 1
47. Наставник по француски јазик 1

## VII. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛИРИЈА" — СЕЛО ЏЕПЧИШТЕ

**Настава на шиптарски наставен јазик:**

48. Наставник по македонски јазик 1
49. Наставник по шиптарски јазик 1
50. Наставник по француски јазик 1
51. Наставник по биологија 1
52. Наставник по математика и физика 1

53. Наставник по историја и географија 1
54. Учител 2

VIII. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО СЕЛЦЕ

55. Управител — учител за шиптарски наставен јазик 1
56. Учители за шиптарски наставен јазик 2
57. Учител за подрачната паралелка во село Вејце 1

IX. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ВЕШАЛА

58. Управител — учител за шиптарски наставен јазик 1
59. Учител за шиптарски наставен јазик 1
60. Учител за подрачната паралелка во село Бозовце 1

X. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ШИПКОВИЦА

61. Учители за шиптарски наставен јазик 3
62. Учител за подрачната паралелка во село Бродец 1

XI. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ПРПАРИМИ — СЕЛО РЕЧИЦА

**Настава на шиптарски наставен јазик:**

63. Наставник по македонски јазик 1
64. Наставник по шиптарски јазик 1
65. Наставник по француски јазик 1
66. Наставник по математика 1
67. Наставник по физика и хемија 1
68. Наставник по историја и географија 1
69. Наставник или стручен учител по физичко воспитување 1
70. Наставник или стручен учител по ОТО 1
71. Наставник или стручен учител по музичко воспитување 1

XII. УЧИЛИШТЕ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО — ТЕТОВО

72. Наставник по македонски јазик 1
73. Наставник по математика 1
74. Наставник по физика и хемија 1
75. Наставник или стручен учител за метална технологија и техничко цртање 1

XIII. ДЕТСКА ГРАДИНКА „МЛАДОСТ“ — ТЕТОВО

76. Управител — воспитач или учител 1
77. Воспитач или учител 1

УСЛОВИ:

1. Сите кандидати да имаат завршено соодветно училиште.

2. За работното место под реден број 1 професор или наставник, кандидатот да го познава шиптарскиот јазик.

3. За работните места под реден број 3, 4, 5 и 8 кандидатите по можност да го познаваат шиптарскиот јазик.

4. За работното место под реден број 41 кандидатот по можност да го познава турскиот јазик.

За професорите по математика и физика има обезбедено двособни станови.

За работните места под реден број 57, 58, 59, 60 и 62 припаѓа посебен додаток за тешки услови од 2.000 до 3.000 дин. месечно.

Пријавите таксирани со 50 динари таксени марки да се достават до училишните одбори, а пријавите за пом. директор, управител и пом. управител до Собранието на општината Тетово, најдоцна до 15.VIII.1963 година. Кон пријавата да се приложи препис од училишната диплома, двата последни оценувачки листа, кратка биографија со опис на движењето во службата и точна адреса.

Бр. 06-11775/1
23 јули 1963 година

Совет за просвета
на Собранието на општина Тетово

---

На основа член 244 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 53/57) и Правилникот за пополнување на упразнетите места за наставен и воспитен персонал во училиштата и другите воспитни установи („Службен весник на НРМ“ бр. 16/58), Конкурсната комисија при Советот за просвета на Собранието на општината Жеровјане, околија Тетовска, а на предлог од училишните одбори

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на упразнетите наставнички места во училиштата на територијата на општината Жеровјане за учебната 1963/64 година, и тоа:

**I. Основно осумгодишно училиште, село Челопек**

Настава на шиптарски наставен јазик во вишите одделенија:

— наставник по шиптарски јазик 1
— наставник по македонски јазик 1
— наставник по француски јазик 1
— наставник по математика и физика 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник по музика и ликовно воспит. 1
— наставник по општ. техн. воспит. 1
— наставник по биологија 1

Настава на македонски наставен јазик во вишите одделенија:

— наставник по математика и физика 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник по музика и ликов воспит. 1
— наставник по македонски јазик 1
— наставник по француски јазик 1

УСЛОВИ: Кандидатите да имаат завршено ВПШ, или пак, оформено учителско образование со најмалку 2 години практика, како и положен стручен испит.

Настава на македонски наставен јазик во нижи одделенија:

— Подрачна паралелка во село Милетино учители 2

Настава на шиптарски наставен јазик во нижи одделенија:

— Основно училиште во с. Челопек учители 4
— Подрачна паралелка во село Милетино учители 2

II. **Основно училиште, с. Пирок — Градец**
Настава на шиптарски наставен јазик:
— учители за одделенска настава 3
— наставник по биологија и математика 1
— наставник по политехничко и ликовно воспитување 1
— наставник по историја и географија 1
Во подрачните паралелки:
— с. Горјане, учител со оформено образов. 1
— с. Ѓурѓевиште, учители со оформ. образов. 2

УСЛОВИ: За учителите: да имаат завршено учителска школа; за наставниците: да имаат завршено ВПШ или учителско образование со положен стручен испит и најмалку 2 години учителска практика.

III. **Основно осумгодишно училиште, с. Боговиње**
Настава на шиптарски наставен јазик:
— наставник по математика 1
— наставник по физика и хемија 1
— наставник по биологија 1
— наставник по историја 1
— наставник по географија 1
— наставник по шиптарски јазик 1
— стручен учител по ликовно и музичко воспитување 1
— стручен учител по општотехничко воспитување 1

УСЛОВИ: Кандидатите наставници да имаат завршено ВПШ. Кандидатите — стручни учители, да имаат завршена соодветна стручна школа.
За нижите одделенија — учители 6

**Подрачни паралелки:**
— с. Камењане — учители со оформено образование 3
— с. Раковец — учители со оформено образование 2
— с. Ново Село II — учители со оформено образование 2
— с. Селце Кеч — учители со оформено образование 1

**Основно училиште с. Неготино**

IV. **Настава на шиптарски наставен јазик:**
— учители со оформено образование 2

V. **Основно училиште с. Д. Палчиште**
Настава на шиптарски наставен јазик:
— Подрачна паралелка с. Новаке — учители 1

V. **Основно осумгодишно училиште с. Стенче**
Настава на македонски наставен јазик:
— наставник по математика и физика 1
— наставник по македонски и српскохрватски јазик 1

УСЛОВИ: Кандидатите да имаат завршено ВПШ или учителска школа со положен стручен испит со 4 години учителска практика.

VII. **Основно училиште с. Радиовце**
Настава на македонски наставен јазик:
— наставник по македонски и српскохрватски јазик 1

За селата: Ѓурѓевиште, Ново Село II, Селце Кеч, Новаке, определен е посебен додаток за живот и работа под тешки услови, како и бесплатен стан и огрев.

ОПШТИ УСЛОВИ:

На учителите во селата им припаѓа бесплатен стан и огрев, во колку ги исполнуваат условите по Одлуката за бесплатен стан и огрев. Исто така на наставниот персонал во селата во коишто условите за живот се тешки им следува посебен додаток според Решението на Советот за просвета при Собранието на општината Жеровјане.

Заинтересираните кандидати треба да се јавуваат до школските одбори. Можат да се поднесуваат молби и до повеќе школски одбори само што во секоја молба кандидатот е должен да наведе во која школа би сакал да биде примен.

Кон молбата да бидат приложени:

1. податоци за движењето во службата;
2. документи за школски струки и квалификации;
3. препис од оценките за работата во последните две години во колку не бара прво назначување;
4. сите документи предвидени по чл. 31 од Законот за јавните службеници, за лица што стапуваат прв пат на служба,

Во молбата треба да биде наведена точната адреса на боравењето на кандидатот во времето од 1 до 20 август 1963 година.

Рокот за пријавување на конкурсот е од 1.VIII до 15.VIII.1963 година.

---

Врз основа на чл. 244 од Законот за јавните службеници, а по предлог на училишните одбори во училиштата, Советот за просвета и култура при Општинското собрание на општината Кочани,

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на упразнетите места во училиштата од територијата на Кочанска општина за учебната 1963/64 год.

I. УЧИЛИШТА ОД II СТЕПЕН

1. **Економско училиште „Љ. Сантов" — Кочани**
— професор по француски јазик 1
— професор по општа математика 1

2. **Гимназија „Љ. Сантов" — Кочани**
— професор по македонски јазик 1
— професор по немачки или француски јазик 1
— професор по историја 1
— професори по математика 2
— професори во физика 2
— професор по хемија 1
— професор по биологија 1
— професор по социјалогија, логика — психологија и филозофија 1

— наставник или стручен учител по физичко воспитување 2
— наставник или стручен учител по ОТО 1

3. **Индустриско училиште „Гошо Викентиев“ — Кочани**

— професор или наставник по техничко цртање со нацртна геометрија 1
— професор или наставник по механика со отпорност и машински елементи 1
— наставник или висококвалификуван дреар или врезач, за практична работа 1

Услови: 1. За звањето професор соодветен факултет, а за звањето наставник виша школа.

2. За работните места во Индустриското училиште, под реден број 1 и 2 се бара машински инженер, виши техничар или машински техничар под реден број 3 висококвалификуван дреар или висококвалификуван врезач со најмалку 5 години практика.

3. За стручните наставници или стручни учители, соодветна виша школа или стручно училиште.

## II. УЧИЛИШТА ОД I СТЕПЕН

1. **Основно училиште „Моша Пијаде“ — Кочани**

— наставник по француски јазик 2
— наставник по општо-техничко образование 1
— наставник по општество 1
— професор или наставник по географија 1
— наставник по српско-хрватски јазик 1
— наставник или стручен учител по физичко воспитување 1
— наставник или стручен учител по музичко воспитување 2

2. **Основно училиште „Раде Кратовче“ — Кочани**

— наставник по македонски јазик 1
— наставник по математика и физика 1
— наставник по енглески јазик 1
— наставник по географија и општество 1
— наставник по биологија со дopуна 1
— наставник или стручен учител по музичко восиптување 1
— наставник или стручен учител по ликовно воспитување 1
— наставник или стручен учител по физичко воспитување 1

3. **Основно училиште „Маршал Тито“ с. Оризари**

— наставник по македонски јазик 1
— наставник по српски и македонски јазик 1
— наставник по биологија и хемија 1
— наставник по математика 1
— наставник по физика и математика 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник или стручен учител по музичко воспитување со допуна 1
— наставник или стручен учител по ликовно воспитување со допуна 1
— наставник или стручен учител по општотехничко образование со допуна 1
— наставник или стручен учител по физичко воспитување со допуна 1
— учител за одделенска настава 1

4. **Основно училиште „Тошо Арсов“ — с. Зрновци**

— управител на училиштето 1
— наставник по историја и географија 2
— наставник по македонски јазик 1
— наставник по математика 1
— наставник по биологија 1
— наставник по физика и математика 1
— наставник по француски јазик 1
— наставник или стручен учител по општотехничко образование 1
— наставник или стручен учител по ликовно воспитување 1
— наставник или стручен учител по физичко воспитување 1

5. **Основно училиште „Страшо Пинџур“-с. Соколарци**

— наставник по македонски јазик 1
— наставник по српско-хрватски јазик 1
— наставник по француски јазик 1
— наставник по математика 1
— наставник по физика 1
— наставник по запознавање на природата 1
— наставник по биологија и хемија 1
— наставник по историја и социјалистички морал 1
— наставник по географија со општество 1
— наставник или стручен учител по музичко воспитување 1
— наставник или стручен учител по ликовно воспитување 1

6. **Основно училиште „Климент Охридски“ — с. Облешево**

— наставник по македонски јазик 2
— наставник по математика и физика 2
— наставник по француски јазик 1
— наставник по историја и географија 2
— наставник или стручен учител по општотехничко образование 1
— наставник или стручен учител по музичко воспитување 1
— учител за оделенска настава 1

**Учители за одделенска настава во селата:**

1. с. Чишиново 1
2. с. Кушичино 2
3. с. Спанчево 1
4. с. Жиганци 2
5. с. Теранци 2
6. с. Нивичани 2
7. с. Уларци 1
8. с. Чифлик 1
9. с. Мородвис 1
10. с. Горно Гратче 1
11. с. Врбица 1
12. с. Рајчани 1
13. с. Пресека I 1
14. с. Пресека II 1
15. с. Цера I 2
16. с. Цера II 1
17. с. Јастребник 1
18. с. Безиково 1
19. с. Вранинци 1
20. с. Костин Дол 1
21. с. Полаки I 2

УСЛОВИ:

1. За управител, завршена учителска школа и 5 години работен стаж.

2. За наставници завршена Педагошка академија на соодветните групи, предимство имаат кандидатите со положен стручен испит.

3. За стручните учители, соодветна стручна школа.

4. За одделенска настава, завршена учителска школа и положен стручен испит за полните училишта, додека за неполните завршена учителска школа. Предимство имаат лица со положен стручен испит и години на стаж.

5. За сите училишта во селата е обезбеден стан и огрев а на учителите под реден број 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21 и посебен додаток за работа под тешки услови.

Кандидатите што прв пат стапуваат на служба треба да ги доставата сите документи според чл. 31 од Законот за јавните службеници, додека за оние што се во работен однос и документ за движење во службата, оценувачките листоци за последните три години, документи за образование, за стручен испит, и изјава дека не се стипендијанти на друга установа.

Молбите таксирани со 50 динари таксена марка се доставуваат до училишните одбори на соодветното училиште.

Во молбата кандидатот треба да ја наведе точната адреса каде се наоѓа во времето до 20 август о. г.

Плата по Законот на јавните службеници, а положајна според одлуката на училиштето.

Од Советот за просвета и култура при Општинското собрание на Општината
КОЧАНИ

---

Советот за просвета на Околиското собрание на Кумановска околија, во согласност со училишните одбори на школите

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места за учебната 1963/64 година, и тоа:

**I. Завод за школство при Околиското собрание**

1. просветен советник за училишта со шиптарски наставен јазик

**II. Учителска школа „Професор Мијалковиќ“ Куманово**

2. професор по педагошка група предмети
3. професор или наставник по шиптарски јазик
4. професор или наставник по историја и географија на шиптарски јазик
5. професор или наставник по ликовно воспитување
6. наставник или стручен учител за општотехничко образование.

**III. Школски центар за оспособување на стручен кадар во земјоделието „Киро Бурназ“ — Куманово**

7. професор по македонски јазик (група југословенска книжевност)
8. професор или наставник по математика
9. професор или наставник по историја, географија и државно уредување
10. инженер-агроном по стручни земјоделски предмети.

УСЛОВИ:

За сите работни места завршена соодветна школска спрема. За работното место под реден бр. 1 да има завршено филозофски факултет, ВПШ или учителска школа со положен стручен испит и над 8 години учителска практика. За работното место под бр. 2 кандидатот да има положен стручен испит и по можност да знае шиптарски јазик, а за работните места под бр. 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 предимство ќе имаат кандидати со положен стручен испит и повеќе годишна практика.

Пријавите со сите потребни документи да се доставуваат непосредно до училишните одбори, а за просветен советник до Советот за просвета на Околијата.

Кон пријавите треба да бидат приложени:

1. документ за школска односно стручна квалификација,
2. податоци за движење во службата,
3. препис од оценките за последните 3 години,
4. согласност од установата каде што е на работа дека може да конкурира.

Конкурсот трае до 25 август 1963 година.

Бр. 2397/2
20 јули 1963 година

Од Советот за просвета на Околиското собрание на Кумановска околија

---

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ПРИ ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ — ДЕБАР

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

3 бабици

Услови:

За работното место бабица, кандидатката треба да има завршено бабичко училиште, било двогодишно или тоа акушерско.

Плата според правилникот за распределба на личниот доход на работниците при Здравниот дом — Дебар, плус дежурства.

Стан обезбеден.

Настап на работа веднаш.

Конкурсот трае до пополнување на работните места.

---

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ПРИ КЛИМАТСКОТО ЛЕКУВАЛИШТЕ „ЗДРАВЈЕ“ — ОХРИД

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Пом. управител — лекар,
2. Секретар,
3. Администратор — архивар,

4. Сметководител,
5. Благајник,
6. Економ — домаќин,
7. Набавувач,
8. Хаузмајстор,
9. Ложач,
10. Портир,
11. Шофер,
12. Медицински сестри — 4
13. Собарици — чистачки — 4,
14. Негователки — 2,
15. Шеф на кујна,
16. Кувар,
17. Пом. кувари — 3,
18. Сервирки — 3,
19. Слаткар и
20. Судоперки.

УСЛОВИ:

Под точка 1: — висока стручна спрема и најмалку 3 години работен стаж во струката.

Под точка 2: — виша стручна спрема и најмалку 3 години работен стаж во структурата.

Под точка 3: — средна стручна спрема и најмалку 3 години работен стаж во струката.

Под точка 4: — средна стручна спрема и најмалку 3 години работен стаж во струката.

Под точка 5: — средна стручна спрема и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 6: — средна стручна спрема и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 7: — средна стручна спрема и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 8: — висококвалификован или квалификован работник и најмалку 5 односно 3 години работен стаж во струката.

Под точка 9: — полуквалификуван работник.

Под точка 10: — квалификован работник и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 11: — „Д“ категорија и најмалку 3 години работен стаж во струката.

Под точка 12: — средна стручна спрема и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 13: — неквалификуван работник.

Под точка 14: — средна стручна спрема и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 15: — високвалификуван работник и најмалку 3 години работен стаж во струката.

Под точка 16: — квалификуван работник и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 17: — квалификуван работник и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 18: — квалификуван работник и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 19: — квалификуван работник и најмалку 2 години работен стаж во струката.

Под точка 20: — неквалификуван работник.

Плата според Правилникот за расподелба на личниот доход на работниците во Климатското лекувалиште „Здравје“.

Конкурсот трае до пополнување на работните места.

Заинтересираните кандидати за поблиски информации можат да се јават во Комуналниот завод за социјално осигурување — Охрид.

## СОДРЖИНА

Страна

186. Одлука за организирање и регулирање на исхраната и давање помош на работниците и службениците и нивните фамилии од град Скопје — — — — — — — — 553
187. Одлука за дополнување на Одлуката за плаќање на придонесите за лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување — — — — 554
188. Одлука за образување на Комисија за сместување на републичките органи, општествено-политичките организации и установи — — — — — — — — — — 554
189. Одлука за основање на Републички одбор за помош на Скопје — — — — — — 555
190. Одлука за разрешување и именување член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје — — — — — — — 555
191. Одлука за именување членови на Републичкиот одбор за помош на Скопје — — 555
192. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Републичката комисија за признавање право на пензија според член 73 став 2 од Законот за пензиското осигурување — — — — — 556
193. Решение за разрешување и именување претседател и членови на посебната Комисија за давање мислење по член 29, 31 став 1 точка 3, 38 став 4, 75 и 215 од Законот за пензиското осигурување — — — 556
194. Решение за разрешување и именување заменик член на Вишиот дисциплински суд при Извршниот совет — — — — — 556
195. Решение за именување помошник на секретарот на Извршниот совет — — — 557
196. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за општи стопански работи — — — — — — — — — 557
197. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за сообраќај и врски 557
198. Решение за назначување директор на Железничкото - транспортно претпријатие — Скопје — — — — — — — — — 557
199. Решение за разрешување в. д. директор и назначување директор на Заедницата на петпријатијата за патишта — Скопје — — 558
200. Наредба за задолжително учество на граѓаните во отстранувањето на последиците од земјотресот во град Скопје и околината 558
201. Наредба за опфаќање на евакуираните ученици од Скопје во училиштата во Социјалистичка Република Македонија — — 558

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10. Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802-11/1—698 при Народната банка — Скопје. Печатница „Просвета“ — Куманово. Телефон 50-159**